РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-154/3
19-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3241/1 од 10.12.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето -------, Директор на ООУ „-----“, Општина -----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се утврдени елементи на коруптивни дејствија во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на понатамошно постапување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија .

Предметот со бр. 12-3241/1 од 10.12.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 10.12.2025 година, поднесена е пријава против лицето -------, Директор на ООУ „----“, Општина ----- и оформен е предмет бр. 12-3241/1 од 10.12.2025 година.

Подносителот наведува дека Директорката на ООУ ----- ------ (понатаму: Директор) веќе втор мандат е директор и бил сигурен дека до скоро поседувала лажен Тоефел сертификат за познавање на англиски јазик, односно дека до претходно, неколку месеци пред поднесување на оваа пријава, имала приложено и друг сертификат за познавање на англиски јазик.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до ООУ „-----“, Општина ------ (понатаму: Училиште), со цел обезбедување на документадција во врска со пријавениот случај.

Во законски утврдениот рок, од страна на Училиштето е доставен допис во чијшто прилог е доставена целокупната документација со која располагало Учлилиштето, а со кое Директорот се пријавил на огласот за избор на Директор на Училиштето. Во прилог на горенаведениот допис, помеѓу останатата докуметација се содржани два сертификати за познавање на англиски јазик, од кој едниот е сертификатот TOEFL iBT, издаден на ден 03.12.2022 година, односно пред објавувањето на јавниот оглас на ден 09.12.2022 година, на кој -------- се пријавила и последователно била избрана за Директор, како и уште еден сертификат Aptis – издаден на ден 11.12.2024 година од British Council.

Од анализирањето на предметните наводи и документација извршено од страна на ДКСК, произлегува следната фактичка состојба:

*Според член 109 став 2 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 250/2025), за директор на основно училиште се избира лице кое ги исполнува следниве услови: да е државјанин на Република Северна Македонија; да има високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС (VIA ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен); да има најмалку пет години работно искуство во основно училиште како наставник или стручен соработник; да има уверение за положен испит за директор; да има потврда за проверка за познавање и користење на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен за наставниците по предметот македонски јазик; да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик; да има општа здравствена состојба за работното место и; до моментот на избор за директор на основно училиште со*

*правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.*

Видно од доставената документација во прилог на горенаведениот допис, Директорот ги исполнува условите да биде избран за Директор на основно училиште пропишани во член 109 став 2 од Закон за основното образование.

Во однос на наводот за валидноста на TOEFL iBT сертификатот, ДКСК согласно пропишаното во одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да ја утврдува веродостојноста на истиот, поради тоа што надлежна институција за утврдување веродостојноста на спорните документи/докази е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

За понатамошно надлежно постапување ДКСК ќе го достави предметот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата